# АКТИВНОСТИ НА ИМКА БИТОЛА ВО ПЕРИОДОТ 2002 – 2005

## 2002

- **„...Ајде На Пинг-Понг“**
  Во периодот Јули 2002 – Јуни 2003 преку 200 деца и тинејџери зедоа учество во овој проект. Најголемиот успех на овој проект беше тоа што истиот прерасна во редовна самоодржлива програма на ИМКА Битола со што овозможи и други да се вклучат во истата;

- **„НВО За Граѓаните“**
  ИМКА Битола со повеќе од 30 волонтери зеде учество во надгледување на изборната постапка на парламентарните избори 2002 во рамките на коалиција од 33 НВОии.

## 2003

- **"NotifY"**
  ИМКА Битола Инфо беше основан. Тоа е електронски тримесечен информатор кој се дистрибуира по интернет. Од тогаш до денес е постигнат огромен напредок и развој. Денес истиот се чита низ целиот свет;

- **„Преку Европа“**
  Данско/Македонска иницијатива. Прв камп во организација на ИМКА Македонија кој се одржа во Националниот Парк Пелистер и на кој учествуваа 29 учесници од Македонија и Данска. Следната година група на деца од Македонија зедоа учество на истата иницијатива во Данска;

- Волонтери зедоа учество на доста семинари, кампови и фестивали пред се како резултат на соработката со нашите партнери од земјава и странство.

# ACTIVITIES OF YMCA BITOLA IN THE PERIOD 2002 – 2005

## 2002

- **"Leave The Nightclubs And Come Play Table Tennis"**
  In the period July 2002 – June 2003 over 200 kids and teenagers took part in this project. The biggest success of this project was that it grew up into regular programme within YMCA Bitola on sustainable basis enabling other to join the programme;

- **"NGO For The Citizens"**
  YMCA Bitola with more than 30 volunteers took part into monitoring of the Parliamentary Elections 2002 within the coalition of 33 NGOs.

## 2003

- **"NotifY"**
  YMCA Bitola Info was established. It is three months electronic newsletter distributing on internet. Since then tremendous progress and success has been achieved. Today NotifY is read all over the world;

- **"Across Europe"**
  Danish/Macedonian initiative. First Macedonian YMCA camp organized in the National Park Pelister, near Bitola on which 29 participants from Macedonia and Denmark took part. The next year group of Macedonian kids took part in the same initiative in Denmark;

- Volunteers participated in many of seminars, camps and festivals mainly thanks to our cooperation with our partners from the country and abroad.

# 2004

- **„Трет Балкански Лидерски Тренинг", Охрид**
  75 млади лидери од Балканот, како и поканети гости од други држави (САД и Европа), зедоа учество. Темата беше насочена кон градењето партнерства;

- **„Y - Фест"**
  Едновечерен фестивал – Музика, Ролери и Жонглирање (Огнени Перформанси). Преку 60 млади музичари, ролери и жонглери од Македонија зедоа учество. Преку 700 млади луѓе го посетија фестивалот;

- **„ИМКА Повеќенаменски Младински Центар 2004"**
  Ова беше проект кој во 9 месеци привлече повеќе од 250 млади луѓе од Битола кои работеа на 4 типа на активности: неформално образование, култура и уметност, спорт и инфо оддел;

- Волонтери зедоа учество на доста семинари, кампови и фестивали пред се како резултат на соработката со нашите партнери од земјава и странство.

# 2005

- **„ИМКА Повеќенаменски Младински Центар 2005"**
  Врз основа на позитивните искуства од претходната година го повторивме овој успешен проект;

- **„Развој на Инфо Оддел"**
  Во период од 6 месеци направивме огромен напредок благодарение на формирањето на ваков оддел. Тоа значеше група на млади лидери да работат на самата ИМКА Битола (подготвување и постојано освежување на веб страница, брошури, промотивни материјали и сл.);

- **„Балкански Мозаици", Охрид**
  Балкански Програмски Фестивал базиран на сите креативни програми кои се застапени во Балканските ИМКА асоцијации. Во една недела 140 млади лидери од Балканот, како и поканети

# 2004

- **"III Balkan Leadership Training", Ohrid**
  75 young leaders from the Balkans and invited guests from other countries (USA and Europe) took part. The topic was focused on building partnerships;

- **"Y-Fest"**
  One night festival - Music, Rolling and Juggling (Fire Art Performance). Over 60 young musicians, rollers and jugglers all over Macedonia took part. Over 700 young people attend to this festival;

- **"YMCA Multipurpose Youth Centre 2004"**
  This was a project that in 9 months attracted more than 250 young people from Bitola doing 4 types of activities: informal education, culture & arts, sports and info department;

- Volunteers participated in many of seminars, camps and festivals mainly thanks to our cooperation with our partners from the country and abroad.

# 2005

- **"YMCA Multipurpose Youth Centre 2005"**
  Based upon positive experiences from the previous year we have repeated this successful project;

- **"Developing Info Department"**
  In the period of 6 months we have made huge progress due to establishing such department in our YMCA. That meant group of leaders working on YMCA Bitola it self (preparing and continues update of a web site, brochures, promoting materials etc.);

- **"Balkan Mosaics", Ohrid**
  Balkan Program Festival based on all the creative programmes that are in the Balkan YMCAs. In 1 week 140 young leaders from the Balkans and invited guests from other countries (USA and Europe) took part in organizing, managing and sharing the workshops and the

гости од други држави (САД и Европа), зедоа учество во организирањето, водењето и споделувањето на работилниците и знаењето кое тие ги поседуваат како конкретни и успешни програми;

- Волонтери зедоа учество на доста семинари, кампови, фестивали, кампањи и заеднички проекти. Меѓу позначајните би ги издвоиле следниве:
  - **„Фудбалот Против Расизмот Во Европа“** (заедно со „Форум На Млади“ од Битола): кампања, прес-конференција, маици, постери и големо лого „Фудбалот Против Расизмот Во Европа“ презентирано на официјален натпревар во рамките на Македонската фудбалска лига;
  - **"Independence Fest", Битола** (во рамките на поголем проект на ИМКА Македонија) во вид на организација и артистички перформанси.

knowledge they have in certain successful programmes;

- Volunteers participated in plenty of seminars, camps, festivals, campaigns and common projects. Among the most significant were:
  - **"Football Against Racism In Europe"** (with the "Youth Forum" from Bitola): campaign, press conference, t-shirts, posters and huge logo "Football Against Racism In Europe" presented on official game within the Macedonian Football League;
  - **"Independence Fest", Bitola** (within bigger YMCA Macedonia project) as full organizational support and artistic performances.

*После 2005 год. ИМКА Битола започна со издавање на Годишни Извештаи за секоја година каде можете да добиете повеќе информации за активностите на ИМКА Битола после 2005 година.*

*After 2005, each year YMCA Bitola has started to publish Annual Reports where you can see more information about the activities of YMCA Bitola after 2005.*